**<u>РЕЦЕНЗИЈА ЗА БАЛЕТОТ „ТАНЦОТ НА КАДЕТИТЕ"</u>**

Скопје 13.10.2018

На 18 јуни 2018 година, на големата сцена на Македонска опера и балет, учениците од Bullfrogs Ballet School премиерно го изведоа балетот „Танцот на кадетите", во продукција на Bullfrogs Ballet Production.

Станувaше збор за одлично музикално направен балет, кој беше прекрасно изведен од страна на многу извежбани и синхронизирани ученици. Извежбаноста и синхронизацијата, како две од најбитните одлики на еден балетски ансамбл, беа надополнети со голема музикалност од страна на младите балетски уметници, правејќи го целиот балет празник за очите на секој еден присутен во публиката.

И покрај тоа што балетот беше одигран од деца и млади на возраст од 3 до 18 години, сите настапија како професионалци, а кореографката Александра Никифоровски точно и погодно ги пронашла најдобрите квалитети за да можат сите ученици да се истакнат.

Ако се земе предвид дека училиштето Bullfrogs Ballet School работи по програмата на истакнатата балерина и балетски педагог Агрипина Ваганова, станува јасно дека ова училиште и продукција стремат кон квалитетна балетска едукација. Резултатите од ваквиот пристап кон образованието се видливи токму на театарските сцени, што уште еднаш се покажа со изведбата на балетот „Танцот на кадетите" – кој е еден од најизведуваните балети низ светот.

Тематиката и содржината на балетот „Танцот на кадетите" беа многу соодветни за балетскиот ансамбл и солистите од Bullfrogs Ballet School, кои преку својата техничка спремност и професионалност докажаа дека за целосна изведба е неопходна голема посветеност и танцова подготовка.

Балетот „Танцот на кадетите" на Bullfrogs Ballet School претставуваше обогатување на македонската танцова сцена, за што секако, покрај заслугата на играчите, голема заслуга има и целиот тим на продукцијата и училиштето, токму поради нивната посветеност за подобрување на балетската едукација и создавање на квалитетни танцови кадри.

Со почит,

**Проф. Елисавета Кушовска**

Кушовска